| содржини<br>(и поими) | стандарди за оценување | часови<br>и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно. | 1 | **Воведни активности:**<br>Кои инструменти ги знаеме? (Се активираат предзнаењата на учениците). Учениците набројуваат инструменти кои ги знаат, а наставникот ги запишува на табла/хамер...<br>Како можеме да ги групираме набројаните инструменти? – (жичени, дувачки и удирачки). По што се слични, а по што различни? Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Наставникот презентира аудио или видео записи од групите инструменти според градбата и начинот на добивање тон – жичени, дувачки и удирачки.<br>**жичени**<br>https://www.youtube.com/watch?v=UzEX0-nwN4Y&feature=share&fbclid=IwAR0ng-ozMF3-jHbQHST1ipY63dVHo-<br>Моцарт: „Мала ноќна музика“ 1 став, Allegro фрагмент<br>**дувачки**<br>https://www.youtube.com/watch?v=NEKD0UO1RMg - Дизни: теми од анимирани филмски хитови - оркестар<br>https://www.youtube.com/watch?v=AXAe9wWJwXA - Касела: Технологија, за оркестар од **ударни** инструменти<br>Учениците прават разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците пополнуваат наставен лист „Музички инструменти“ (7мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Како ги делиме инструментите според градбата и начинот на добивање тон? Кои жичени инстгрументи ги научи? Кои дувачки инстриументи ги знаеш? Наброј некои удирачки инструменти? Дали вршиш поравилна класификација на инструментите? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | хамер<br>фломастери<br>табла<br>маркер<br>комјутер<br>проектор<br>наставен лист<br>прибор за пишување<br>лепак<br>ножички | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група |



Наставен лист

Ученик:____________ дата:____________

Обој ги дадените музички инструменти . Исечи ги и залепи ги на соодветното место во табелата

МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ

| ЖИЧАНИ | УДИРАЧКИ | ДУВАЧКИ |
|---|---|---|
| | | |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно. | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците накратко се запознаваат со содржината на приказната „Петре и волкот“ од Сергеј Прокофјев. Наставникот им ја раскажува замислата на композиторот: преку приказната за момчето Петре и неговите пријатели животни и птици во храбрата борба со волкот да ги запознае младите слушатели со симфонискиот оркестар и инструментите и групите инструменти кои го сочинуваат.<br>Младиот Петре поминува некое време во куќата на својот дедо, која, пак, е сместена во шума. Еден ден тој не сакајќи ќе ја остави вратата од дворот отворена, и покрај тоа што дедото ќе го предупреди да не го прави тоа бидејќи во шумата живее опасен волк. Петре во тоа нема да верува, но кога навистина ќе се појави волкот, тогаш почнува неговата авантура, обидувајќи се да го фати. Се запознаваат со целта (7 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Учениците ја слушаат композицијата „Петре и волкот“ од Сергеј Прокофјев (https://www.youtube.com/watch?v=9ueGfjBKbiE&t=1s&ab_channel=DigaPix)<br>Учениците со помош на наставникот и водени од текстот на приказната ги запознаваат инструментите, нивниот изглед и звук, како и карактерите на ликовите кои ги интерпретираат.<br>Наставникот акцентира внимание на групите инструменти според градбата и начинот на добивање тон – жичени, дувачки и удирачки. Исто така, учениците, со помош на наставникот, заклучуваат дека секој лик е прикажан со сопствена музика.<br>Мзиката за Петре ја исполнуваат гудачки инструменти (виолини прва и втора, виоли, виолончела и контрабаси). Мелодијата на дедото ја исполнува фагот, на птицата – флејта, на мачката – кларинет, на патката обоа, виењето на волкот – хорни, пукањето на ловџиите – тимпани. Додека ја слушаат музиката учениците ги следат цртежите на приказната претставени со инструменти. | - аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>- слики, илустрации);<br>-компјутер -звучници,<br>-проектор, | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група |



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците ја илустрираат содржината на приказната. (8 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Кои групи на инструменти се застапени? Каква е музиката на Петре? Каква е музиката на дедото? Како звучи музиката на птицата: при препирката со патката, при појавата на мачката и при самиот крај на приказната? По што се разликува маршот на ловџиите од завршниот марш во приказната? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |











Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Октомври

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | Прави разлика меѓу групи оркестарски инструменти, визуелно и звучно. | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците следат видео презентација https://www.youtube.com/watch?v=-kgpy-m9B6s музички инструменти.<br>Кои инструменти се прикажани? Ги именуваат и опишуваат прикажаните инструменти. Се запознаваат со целта (7 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Учениците ја слушаат композицијата „Болеро“ од Равел https://www.youtube.com/watch?v=E9PiL5icwic&list=RDE9PiL5icwic&start_radio=1&rv=E9PiL5icwic&t=60.<br>Наставникот акцентира внимание на групите инструменти според градбата и начинот на добивање тон – жичени, дувачки и удирачки. Учениците прават разлика меѓу групите оркестарски инструменти. (23 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците го изразуваат доживеаното од слушаната музика со слободни движења. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Кои групи на инструменти се застапени во композицијата кој ја слушавме? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | - уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор,); | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала | 1 | **Воведни активности:**<br>Да се потсетиме: Што гледаме на сликите? (на учениците им се прикажуваат слика од инструменти и луѓе што пеат).<br> <br>Учениците одговараат на прашањата поставени од страна на наставникот: На кој начин можеме да создадеме музика? (Со помош на инструменти – инструментална музика, со помош на луѓе коишто пеат/вокали – вокална музика и со помош на инструменти и луѓе што пеат заедно – вокално – инструментална музика). Учениците се запознаваат со целта (7 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Наставникот демонстрира музички примери од музика за пеење (вокална) https://www.youtube.com/watch?v=h461SPp-fyM – ***Tocatia*** – детски хор ***Лале*** од Тетово (музика за пеење, детски гласови), музика за свирење (инструментална) https://www.youtube.com/watch?v=CuqJmCx-Dq4 - Хајдн: ***Детска симфонија***, музика за пеење и свирење (вокално-инструментална) https://www.youtube.com/watch?v=cbkwDdblKzU - Чудна случка – Симон Трпчевски, а учениците се обидуваат при повторно слушање да разликуваат изведби со различни видови гласови, инструменти, групи инструменти, | - уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор,);<br>- слики | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | изведувачки состави. (композициите се дадени како пример и се од препорачаните композиции) (20 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците интерпретираат бројалки/песни – вокално, и со придружба на инструменти. (8 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Што е вокална музика? Што е инструментална музика? Што е вокално – инструментална музика? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk